Врз основа на член 11 од Статутот на Фондацијата за стипендирање
и професионален развој на Универзитет Американ Колеџ Скопје,
Управниот одбор на Фондацијата распишува

# КОНКУРС

**ЗА**

**ПЕТ (5) СТИПЕНДИИ
ЗА ДОДИПЛОМСКИ СТУДИИ ЗА СТУДЕНТИ
ВО ПРВА ГОДИНА ВО 2023/2024 ГОДИНА
НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Фондацијата за стипендирање и професионален развој на Универзитет Американ Колеџ Скопје има цел да создава професионален кадар преку обезбедување квалитетно школување. Во соработка со Универзитет Американ Колеџ Скопје и Деловниот совет на УАКС, Фондацијата распишува конкурс за стипендии за студирање на УАКС.

## 2. ОПИС

За академската 2023/2024 година ќе бидат доделени **5 (пет)** целосни стипендии за студиска програма по избор на една од следните единици во рамки на УАКС за факултетите:

| | |
|---|---|
| **1.** | **Факултет за деловна економија и организациони науки** |
| | • Менаџмент и иновации (*студии на македонски или англиски јазик*)<br>• Маркетинг и дигитална трансформација (*студии на македонски или англиски јазик*)<br>• Финансии и инвестиции (*студии на македонски или англиски јазик*)<br>• Сметководство и ревизија (*студии на англиски јазик, четиригодишни студии*)<br>• Бизнис администрација и економија – двојна диплома со Тор Вергата (*студии на англиски јазик*) |
| **2.** | **Факултет за архитектура и дизајн**<br>*(студии на македонски јазик)* |
| | • Архитектура |

| | |
|---|---|
| | • Внатрешна архитектура<br>• Дизајн |
| **3.** | **Факултет за политички науки**<br>*(студии на англиски и македонски јазик)* |
| | • Економска дипломатија (*студии на англиски јазик)*<br>• Политички науки и меѓународна комуникација (*студии на англиски јазик)*<br>• Меѓународно деловно право (*студии на македонски јазик)*<br>• Психологија (*четиригодишни студии*) |
| **4.** | **Факултет за странски јазици** |
| | • Настава по англиски јазик и книжевност<br>• Деловна комуникација и превод на англиски јазик |
| **5.** | **Факултет за компјутерска техника и информатика**<br>*(студии на англиски јазик)* |
| | • Компјутерски науки<br>• Менаџмент на информациски системи |

## 3. УСЛОВИ

Конкурсот е отворен за сите ученици од четврта година во јавните или приватните средни училишта во Република Северна Македонија и ги исполнуваат следните услови:

- Да се редовни ученици;
- Да имаат положено државна матура[1].

## 4. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ

- **Пополнета** **електронска апликација**
- **Потврда за редовен ученик**
- **Потврди за приходи**
  - За вработените членови на семејството да се доставаат потврди за остварени приходи за последниот месец пред аплицирањето на овој конкурс или потврда за последната исплатена плата (за пензионираните – испратница од пензија).
  - За невработените членови на семејството да се доставаат потврди од АВРСМ дека се невработени и примаат/не примаат паричен надоместок, со наведување на износот на паричниот надоместок, доколку примаат.
- **Изјава** дека доставените документи се вистинити и податоците се идентични со податоците внесени во пријавата (не е потребно да биде заверена на нотар)
- **Доказ за успех** од средното училиште – **свидетелства** од прва до трета година

[1] Доказ за Државната матура и свидетелството од четврта година ќе се доставаат откако ќе бидат добиени од страна на средните училиште и државните органи.

- **Мотивациско писмо**

Сите документи треба да се доставаат од најдоцна до **31.05.2023** г. на еден од следните начини:

1. **Електронски**, на networking@uacs.edu.mk
2. **По пошта**, на адреса: Фондација УАКС, Трета македонска бригада бр. 60, 1000 Скопје, со назнака: Конкурс за стипендија за 2023/2024г.

## 5. ТЕСТИРАЊЕ

Тестирањето се спроведува преку полагање тест соодветен на факултетот и програмата по избор на кандидатите. Изборот на факултет и јазикот на студии од страна на кандидатот се врши пред избор на предметот за тестирање. Во табелата подолу се наведени предметите за тестирање, со тоа што тестирањето ќе се одвива на јазикот на кој е и наставата на одбраната програма.

| **Факултет** | **Предмет/и** |
|---|---|
| Факултет за деловна економија и организациони науки | Две општи прашања и есеј<br>*(на македонски и англиски јазик)* |
| Факултет за компјутерска техника и информатика | Тест по информатика / Програмска задача<br>*(на англиски јазик)* |
| Факултет за архитектура и дизајн | Тестот се содржи од следните три дела: *(на македонски јазик)*<br>1. Слободорачно цртање<br>2. Тест за испитување моќ за перцепција<br>3. Познавања од областа на културата и уметноста |
| Факултет за политички науки | Есеј на една од зададените теми: *(на англиски јазик)*<br>1. Strategies for fighting corruption in your country<br>2. Politics at the service of all citizens<br>3. Are men and women equal in Macedonian poltics? |
| Факултет за политички науки - Психологија | Тест по психологија *(на англиски јазик)* |
| Факултет за политички науки – Меѓународно деловно право | Есеј на една од зададените теми: *(на македонски јазик)*<br>1. Потребата од креирање посебна регулатива за криптовалути<br>2. Која подобра форма на трговско друштво за водење бизнис – ДОО или АД? |
| Факултет за странски јазици | Тест по англиски јазик |

Тестирањата ќе се одржат во просториите на УАКС во следните термини:

| **Факултет** | **Датум** | **Термин** |
|---|---|---|
| Факултет за деловна економија и организациони науки | 14.06.2023 | 11:00 ч. |

| | | |
|---|---|---|
| Факултет за архитектура и дизајн | 14.06.2023 | 10:00 ч. |
| Факултет за компјутерска техника и информатика | 16.06.2023 | 11:00 ч. |
| Факултет за политички науки и психологија | 16.06.2023 | 11:00 ч. |
| Факултет за странски јазици | 16.06.2023 | 11:00 ч. |

Термините за интервју ќе бидат по тестирањето и кандидатите за нив ќе бидат дополнително информирани.

## 6. НАЧИН НА БОДУВАЊЕ

| **Критериум** | **Максимум бодови** |
|---|---|
| Просечен успех[2] | 20 |
| Мотивациско писмо | 10 |
| Тестирање | 40 |
| Финансиски услови[3] | 10 |
| Интервју | 20 |
| Вкупно | 100 |

Учениците кои учествувале на натпревари во текот на средното образование може да добијат дополнителни поени со приложување потврди (дипломи, пофалници, сертификати итн.) за нивното учество и освоените места. Овие дополнителни поени не влегуваат во рамките на предвидените 100 поени и со нив може да се случи кандидатот за стипендија да ги надмине максималните 100 поени од стандардниот конкурс, и со тоа да има дополнителна предност во рангирањето.

Конечниот список ќе биде објавен на **30.06.2023 г.** на www.uacs.edu.mk.
Приговорите ќе може да се достават до Универзитетот до 05.07.2023 г.

Стипендија добиваат првите 5 кандидати од конечниот список. Добитниците на стипендии треба да потпишат Договор за стипендирање во рок од 7 дена по објавувањето на списокот. Во случај да не се изврши упис во предвидениот рок, стипендијата ја добива следниот кандидат на конечниот список.

## 7. ОБВРСКИ НА СТИПЕНДИСТИТЕ

Висината на стипендијата соодветствува со школарината за студиската програма и важи во текот на целиот период на студирање на прв циклус студии. Корисниците на стипендија се обврзани **да одржат просек** во тековната студиска година од **3.67 GPA (A-),** да учествуваат во најмалку два општествено одговорни настани на УАКС и да бидат дел од Клубот на тутори. Доколку студентот не го оствари потребниот просек, го губи правото на стипендија.

---

[2] Се зема предвид просекот од свидетелствата од прва до трета година
[3] Се земаат предвид месечните примања по член на семејството во однос на просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Република Северна Македонија за последните три месеци.

## ПРИЛОГ: ИНФОРМАЦИИ ЗА ТЕСТИРАЊЕ

### ТЕСТ ПО БИЗНИС
*(тест на македонски или англиски јазик*)

**Општи прашања**:
1. Кои се Вашите кариерни цели?
2. Зошто токму Вие да ја добиете стипендијата?

**Есеј на тема по избор**:
- How business leaders can adapt to the future of innovation: opportunities and threats
- Како бизнис лидерите да се прилагодат на иднината со иновации: можности и закани
- How digital innovation is shaping the future of businesses: trends, opportunities and perspectives
- Како дигиталните иновации ја менуваат иднината на бизнисите: трендови, можности и перспективи

**Литература**
Учебници по бизнис од IV година средно образование (од сите насоки) и слична литература од областа.

### ТЕСТ ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ ЗА СТУДИРАЊЕ АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН *(тест на македонски јазик)*

Тестот за проверка на способности и стекнати релевантни знаења од општа култура за студирање на факултетот за архитектура и дизајн се состои од 3 дела. Вкупниот број бодови кои можат да се освојат на сите три теста е 100.

**Слободорачно цртање**
Кандидатот треба да исцрта претходно поставена композиција од геометриски тела со непосредно набљудување и визирање со помош на графитен молив.
Времетраење на тестот – 60 мин.
Максимум поени – 30

**Логичко и просторно расудување**
Тестот за испитување на способноста за логичко и просторно расудување е составен од 10 графички задачи.
Времетраење на тестот – 30 мин.
Максимум поени – 30

**Тест од општа култура**
Тестот е составен од десет прашања со заокружување и дополнување преку кои кандидатот демонстрира знаење од општа култура со посебен осврт врз уметноста и архитектурата кај нас и во светот.
Времетраење на тестот – 30 мин.
Максимум поени – 40

**Литература**
Ликовна уметност, учебник за III и IV година гимназија и слична литература.

**ТЕСТ ПО ИНФОРМАТИКА**
*(тест на англиски јазик*)

Во тестот се застапени задачи во кои треба да се избере еден или повеќе од понудените четири одговори; задачи во кои треба да се запише краток одговор и задачи во кои треба да се понуди решение во вид на програма напишана во програмски јазик односно псевдокод. Тестот трае 150 мин. Користење на калкулатор и мобилен телефон не е дозволено. Вкупниот број бодови кои можат да се освојат е 100.

**Содржина**

Информатика
Податоци
Компјутер
Оперативен систем
Програмски јазици
Алгоритми, контролни структури и наредби
Програмирање и типови податоци
Поталгоритми и потпрограми
Повеќеиндексни структури

**Литература**

Учебници по информатика за I, II, III и IV година средно образование (од сите насоки), збирки по информатика за I, II, III и IV година средно образование (од сите насоки) и слична литература од областа.

**ТЕСТ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК**

Испитот по англиски јазик е писмен и трае 100 минути. Максималниот број на поени што може да се освои е 100 поени. Оваа програма е заснована на наставните програми по англиски јазик од прва до четврта година средно образование.

**Содржина**

Граматика
Граматички времиња, формирање и употреба
Сложување на времиња
Употреба на точен вокабулар
Точен избор на соодветниот вид на збор во даден контекст

**Литература**

Учебник по англиски јазик на високо ниво (кое било издание на ова ниво што се користи во средно образование).

**ТЕСТ ПО ПСИХОЛОГИЈА**
*(тест на англиски јазик*)

Испитот по психологија е писмен и трае 100 минути. Во тестот се застапени прашања во кои треба да се избере еден точен од понудени два или четири одговори; прашања на кои треба да се даде краток одговор и есејски прашања во кои треба да се даде дефиниција или објаснување на зададен поим. Максималниот број на поени што може да се освојат е 100. Оваа програма е заснована на наставната програма по психологија од IV година за средно гимназиско образование.

**Содржина**

Психички процеси
Учење
Помнење и заборавање
Мислење и говор
Емоции
Мотивација

**Литература**

Учебник по Психологија за средните училишта од Лулзим Муртезани, 2020.